# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 5
23.03.2020 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

Гласникот бесплатен

Март,2020

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 23.03.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за објавување на акти од 38. седница

## на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на 38. седница која се одржа на ден 23.03.2020 година и тоа:

1. Одлука за запирање исплата на надомест за присуство на седница на членовите на Советот на Општина Делчево

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 08- /1
23.03.2020 година
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно мерките и препораките на Владата на РСМ за ефикасно спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, како и заради вонредната состојба прогласена на територијата на РСМ, Советот на Општина Делчево, на својата 38. вредовна седница одржана на 23.03.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

## за запирање исплата на надомест за присуство на седница на членовите на Советот на Општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се запира исплатата на надоместокот за присуство на членовите на Советот на Општина Делчево за првите 2 наредни седници на Советот на Општина Делчево кои ќе бидат одржани.

Оваа Одлука се однесува на членовите на Советот кои имаат засновано работен однос на неопределено време и истата нема да се применува на членовите на Советот на Општина Делчево кои се невработени.

Член 2

Средствата ќе бидат уплатени на посебна сметка и истите ќе бидат искористени исклучиво за справување со кризата предизвикана од коронавирус COVID-19.

За потрошените средства и намената за која се потрошени Општина Делчево да достави Извештај до Советот на Општина Делчево.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансии при општина Делчево да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по нејзиното објавување во „Сл.гласник на Општина Делчево.

Број 09-662/1
23.03.2020
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Драган Маневски,с.р.